РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА
ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
Бр. 08-1651/1
17.10 2016 год.
СКОПЈЕ

Република Македонија

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА
ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ул. Кеј Димитар Влахов бб (Зграда на МРТВ), спрат 20, Скопје
тел. +389 (0)2 3232-242; e-mail: contact@kzd.mk

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 20.10.2016

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 03 | 1307/2 | 1 | |

**Почитувани!**

Во врска со вашето известување од 09.03.2016 година под број 03/1307 , ве известуваме дека Комисијата за заштита од дискриминација ги превзеде сите мерки во согласност со законот.

Во согласност со Член 27 комисијата пристапи кон утврдувањето на фактичката состојба па во таа смисла комисијата побара мислење од новинарот Миленко Неделковски, на кого се однесува материјалот. Со оглед дека немавме лична адреса материјалот му беше испратен преку телевизијата Канал 5. Официјален одговор добивме на 06. 09.2016 година, кој го испратил со препорачана пратка на 22.08.2016 година.

По однос на постапката за заштита од дискриминација ви појаснуваме дека таа е пропишана во Глава IV од Законот. Врз основа на Член 25 став 1 од законот Лицето кое смета дека претрпело дискриминација поднесува претставка до Комисијата писмено или усно на записник. Комисијата има право да постапи по вашето однесување, без оглед што не е поднесено во вид на претставка(иако од пропратното писмо не преизлегува тоа), но во конкретниот случај не е наведено кое е својството на дискриминаторот, затоа што тој треба да има некоја надредена позиција, за да може да дискриминира определена група. Имено, во Член 4 точка 6 од законот стои "јавно информирање и медиуми", но тоа не се однесува на поединци туку на институции за кои сте надлежни вие, но во конкретниот случај се работи за емисија која е приватен проект. Под јавно информирање и медиуми се подразбира медиумите да шират дискриминација или да повикуваат на дискриминација. Така што во конкретниот случај не може да се примени ни членот 3 од законот, кој задолжително е поврзан со членот 4. Дотолку повеќе, како што

ул. Кеј Димитар Влахов бб (Зграда на МРТВ), спрат 20, Скопје
тел. +389 (0)2 3232-242; e-mail: contact@kzd.mk

наведувате во известувањето, медиумот и продукциската куќа се оградиле од ставовите на новинарот. Во прилог на ова е и Член 14 став 7 од Законот за заштита од дискриминација, дека нема да се смета за дискриминација остварувањето на уставното гарантирано начело, на слобода на говорот, јавниот настап, мислење и јавно информирање. Од текстот јасно произлегува дека се работи за овој основ.

Понатаму ве информираме дека Комисијата за заштита од дискриминација не е надлежна да постапува за "Говор на омраза" и "Криминал од омраза" како и за дела против честа и угледот односно, клевета и навреда. За последните се одлучува во постапка пред надлежниот суд. Од текстот што вие ни го праќате, евидентно дека се работи претежно за такви квалификации.

На страна два, новинарот изразува мислење дека имал закани за навреда и како би се справил со тужбата доколку таа биде поднесена, значи за судска постапка. На страна три, е наведено дека телевизијата, пред почетокот на емисијата објавила извинување доколку е нанесена повреда на честа и угледот на лицето за кое се работи, па во продолжение новинарот објаснува дека не мислел да ги повреди неговата чест и угледот и зошто е тоа така, а тоа објаснување продолжува и на страна четири, како и на страна пет. По однос на лицето кое е споменато во извештајот "Ацо Кабранов", јасно е дека се работи за некаков телефонски разговор во кој тој разговара со трети лица, а не за сексуална ориентација. Тој се спомнува во текстот во контекст на дообјаснување за тоа што го цитирал во својот портал "демантот на Канал 5 кој се однесува на Честа и угледот". Но како што истакнавме погоре, честа и угледот се гонат по приватна тужба и не се предмет на заштита од страна на комисијата.

Веќе на шестата страна се објаснува говорот на омраза според водичот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Се нагласува исто така дека во тој закон има одредба за говор на омраза, па спрема тоа Агенцијата требала

Република Македонија

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА
ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ул. Кеј Димитар Влахов бб (Зграда на МРТВ), спрат 20, Скопје
тел. +389 (0)2 3232-242; e-mail: contact@kzd.mk

да расправа за тие одредби, бидејќи Комисијата за заштита од дискриминација не е надлежна да одлучува за тоа како што е веќе наведено.

Посебните забрани од Член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не се применуваат од страна на Комисијата за заштита од дискриминација, затоа што таа работи исклучиво во согласност со Законот за спречување и заштита од дискриминација, а како што произлегува од одрдбата таа исклучиво се однесува на Агенцијата.

Членот 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој го цитирате во продолжение и е добро познат на комисијата и погоре ви е одговорено како се применува тој член, иако основата на која се повикувате не е таксативно наброена во тој член. Нема потреба од цитирање на Членот 14 од ЕКЧП, бидејки тој е целосно имплементиран во нашето законодавство, особено во нашиот закон за кој се смета дека содржи повисоки стандарди од тие што се предвидени во меѓународните документи.

Во таа смисла и судските случаи кои ги цитирате во вашиот извештај не можат да се земат во предвид од страна на комисијата, од причини што од коментарот јасно произлегува дека се резултат на предходно водени **судски** постапки. Во првиот сличај Вајделанд и други против Шведска (09 февруари 2012 година) во кој тужителите покренале постапка против Шведска пред Европскиот суд за човекови права, е јасно дека тие во судска постапка биле осудени поради делење на стотина летоци. Во вториот случај пак „Младина„ ДД Љубљана против Словенија (од 17 април2014 година) е јасно дека се работи за став на националните судови. Комисијата за заштита од дискриминација е **тело за еднаквост**, а не суд и дотолку повеќе комисијата не постапува во случаи кога е покрената судска постапка. Имено, во согласност со Член 26 од Законот, Комисијата постапува по представка доколку постапка пред судот за истата работа веќе не е поведена или правосилно завршена. Тоа значи дека во конкретниот случај, апсолутно немаме

право да се впуштаме во случаите кои сте ги цитирале во вашиот извештај. Како дообјаснување напоменуваме дека комисијата ќе земе во предвид пресуда на ЕСЧП, бидејќи Република Македонија е замја членка на Советот на Европа, само по однос на постапувањето по одредени прашања според Европската конвенција и по однос на одлуката на судот. Но таа нема да се впушта во тоа како е утврдена фактичката состојба, бидејќи секој случај е различен, иако како што веќе е објаснето погоре, во овие случаи нема место ни за тоа. Точно е дека комисијата постапувала по вакви облици на дискриминација, но тоа се цени од случај до случај, а цитираниот Протокол за утврдување на постапката за постапување во случаи за заштита од дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет од 2015 година не е ни подзаконски акт.

Во продолжение на индормацијата на Агенцијата на страна 10,11 и 12 постојано се говори за „говорот на омраза„ за кој веќе наведовме дека не е во надлежност на комисијата. Не навлегуваме во Законот според кој работи агенцијата, но сакаме да ве информираме дека ЕКРИ(Европска комисија за расизам и нетолеранција), тело на Советот на Европа кое е надлежно и за мониторирање на Комисијата за заштита од дискриминација, донесе препораки број 15 за борба против Говорот на омраза.

Според тие препораки кои се обврзувачки за Република Македонија може да се преземат мерки против „говорот на омраза„ само ако државата ги повлече резервите од Членот 20 став 2 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и Членот 4 од Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на Расна дискриминација, кои засега не се повлечени( страна 42 точка 33 од препораките). По основ на Европската конвенција за човекови права во проепораките стои дека Членот 10 кој се однесува на слобода на изразување и заштита од дискриминација од Членот 14 кои се подетално објаснети во Член 1 од Протоколот 12, кој не содржи ни една препорака која директно се однесува на

Република Македонија

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА
ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ул. Кеј Димитар Влахов бб (Зграда на МРТВ), спрат 20, Скопје
тел. +389 (0)2 3232-242; e-mail: contact@kzd.mk

употреба на говорот на омраза. Дотолку повеќе, како што стои во препораката, Европскиот суд за човекови права треба да ја адресира ваквата употреба кога ќе констатира представки, како основ за кривични санкции и други забрани за таквите изјави.[1]

Во смисла на овие препораки е и одговорот на Комисијата.

Исто така, во вториот дел на страната 12 страна 13 и првиот дел од страната 14 во извештајот се оперира со поимот „тезите„. Веќе наведовме, дека кога се работи за новинар кој изнесува "мислење" во својот настап, како израз на уставно гарантирано право на слобода на говор и јавно информирање во согласност со Член 14 точка 7 од законот што не се смета за дискриминација. Притоа на крајот на страна 14 повторно се наведува дека тоа не е слобода на изразување туку „говор на омраза„

Освен цитирањето на Член 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во целиот такст на извештајот евидентно се работи за „говор на омраза„ повреда на честа и угледот во конкретниот случај на едно лице, при што дошло до меѓусевни префрлувања кои според законот треба сами да ги решат. Во секој случај комисијата не може да постапува во конкретниот случај во согласност со Законот за спречување и заштита од дискримонација.

Во одговорот на овој извештај од 09.03.2016, кој на рака го има примено на 18.08.2016, новинарот Миленко Неделковски тврди дека нема никаква дискриминација затоа што тој своите емисии и настапи ги прави хируршки прецизно. Односно секој збор си има свое место и значење. Така што, сето што е прибележено, ДА тој го кажал. Но, во сето што е прибележено нема ништо што покажува дека е било кој дискриминиран по било која основа.

---

[1] www.int.coe/ecri

Република Македонија

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА
ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ул. Кеј Димитар Влахов бб (Зграда на МРТВ), спрат 20, Скопје
тел. +389 (0)2 3232-242; e-mail: contact@kzd.mk

На пример, во најдолениот ред од страница 5, пишува дека навистина рекол: "И сетсра му на Борјан рече Борјан, изјви "јас сум лезбејка"". Бидејки ова го има кажано Светлана Нана Јовановска, сестрата на Борјан, и го има јавно споделено на социјалните мрежи, тешко било кој може да види каде има дискриминација. И за што е дискриминацијата.

Или на страна 2 пишува, односно се цитра дека навистина рекол : "...нема потреба да тужи, бидејки следејки ги европските вредности Љупчо Николовски треба да е горд што е хомосексуаец, оти ете напред... понапред е од сите нас". Тој тврди дека и овдека нема човек што би видел каде е е дискриминацијата. Односно дека тој овој наш краткотраен заменик министар а долготраен хомосексуалец го фали на јавна сцена. Каква е таа дискриминација.

Од овие наводи произлегува дека неговата намера не била ниту да ги дискриминира ниту да ги навредува овие лица, туку врз основа на факти кои постојат на социјални мрежи и други медиуми. Исто така тврди дека само тој може да каже каква била неговата намера и дека таа не смее и не може да се предпоставува од никој, што е спротивно и на цитираните Членови на документите на извештајот.

Во продолжение тој се произнесува за "говорот на омраза" и за пресудите кои се цитирани во извештајот, но Комисијата за заштита од дискриминација не ги зема во предвид тие наводи бидејќи погоре во текстот го објаснува "говорот на омраза" и цитираните пресуди од свој аспект.

Сметаме дека овој одговор ќе придонесе да се затворат некои отворени прашања и дека Агенцијата ќе ги земе во предвид сите овие укажувања, особено оние кои се однесуваат на надлежностите и начинот на работа на комисијата.

Република Македонија

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА
ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ул. Кеј Димитар Влахов бб (Зграда на МРТВ), спрат 20, Скопје
тел. +389 (0)2 3232-242; e-mail: contact@kzd.mk

Комисијата е подготвена да постапи по сите облици на дискриминација доколку има основ и во постапка утврдена со законот.

Доставено до:

Агенција за аудио и аудио визуелни медиумски услуги

До канал 5 телевизија, за новинарот Миленко Неделковски

**Комисија за заштита од дискриминација**

**П р е т с е д а т е л,**

**Александар Даштевски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА СКОПЈЕ